**2021044662**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 33 став (6) од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЛИЦА КОИ ГО СПРОВЕДУВААТ ТЕСТОТ ЗА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА КУЧЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на овластување на лица кои го спроведуваат тестот за социјализација на куче и формата и содржина на барањето за добивање на овластување.

Член 2

(1) Овластувањето на лицата кои го вршат тестот за социјализација започнува на начин што барателот поднесува писмено барање за добивање на овластување со потребната документација во архивата на Агенцијата за храна и ветеринарство.

(2) По приемот на барањето од ставот (1) на овој член се врши проверка на документацијата и доколку истата е комплетна и податоците се веродостојни се издава овластување на лицето кое го поднело барањето.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-394/1
16 февруари 2021 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Николче Бабовски,** с.р.

**Прилог**

| | |
|---|---|
| **До: Агенција за храна и ветеринарство**<br><br>**БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕСТ ЗА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА КУЧЕ** | |
| **1. Име и презиме на подносителот на барањето:** | |
| **2. Информации за подносителот на барањето:** | |
| Адреса: | Поштенски број: |
| Контакт телефон: | Електронска пошта: |
| **3. Единствен матичен број:** | |

Кон ова барање потребно се доставува следната документација:

1. Доказ дека подносителот на барањето има три годишно работно искуство;
2. Доказ дека е од следниот профил: кинолошки судија за работа со кучиња од Кинолошкиот сојуз на Република Северна Македонија, кинолошки судија за екстериер со лиценца од Кинолошкиот сојуз на Република Северна Македонија, дресер или водич на кучиња вработен во единиците на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, лице кои работи со кучиња вработен во Царинската управа на Република Северна Македонија и Доктор по ветеринарна медицина;
3. Доказ за помината обука во поглед на проценка на темперамент на куче и
4. Доказ за извршена уплата за овластување утврдена во „Одлуката за висината на надоместоците за активности на заштита и благосостојба на животните како и начин на нивна наплата“.

**Барател (Име и презиме и своерачен потпис):**

_______________________________________________